Миодраг М. ТОДОРОВИЌ

УДК: 811.14'02'373.231

# Грчкиот префикс ἀρί- / ἐρί- 'мошне, многу' во микенските лични имиња и нивните форми

***Кратка содржина***

*Врз основа на дијалектолошката анализа на грчкиот префикс ἀρί- / ἐρί- 'мошне, многу' направен е обид за класификација на микенските лични имиња и нивните форми на ајолски и јонски. За микенското лично име од Кносос (KN Nc 447) e-ri-sa-ta предложена е идентификација дека потекнува од префиксот ἐρί- и σάθη 'männliches Glied' т.е., e-ri-sa-ta / Eri-sathās /: гр. *'Ερι-σάθης од кого во подоцнежниот грчки е формата 'Ερι-σαθεύς cf., 'Ερι-σαθεύς· 'Απόλλων ἐν τῇ 'Αττικῇ Hesch ~ cf., ἀνδρο-σάθης и др., како наследници од микенската епоха.*

***Клучни зборови:*** *ГРЧКА ДИЈАЛЕКТОЛОГИЈА, МИКЕНСКИ ГРЧКИ, ЈОНСКИ, ЛЕЗБИСКИ АЈОЛСКИ ДИЈАЛЕКТ.*

## ВОВЕД

Во грчката дијалектологија до дешифрирањето на микенското Линеарно Б писмо, важеше една строга поделба по однос на припадноста на префиксот ἀρί- / ἐρί- 'мошне, многу'. Имено, префиксот ἀρί- како таков се сметаше дека припаѓа на јонскиот дијалект, наспроти ἐρί- кој се врзува за ајолскиот. Одделни форми на префиксот ἀρί- кои се во лезбискиот ајолски дијалект, од тој дијалектолошки аспект, се сметаа дека се настанати под влијанието на јонската епска книжевна традиција[1].

[1] M. P. Nilsson, *Homer and Mycenae*,1933, 164 „The Ionic prefix ἀρι- corresponds to the Aeolic ἐρι-"; O. Hoffmanns, *Gr. Dial.* III, 237; C. J. Ruijgh, *L'élément achéen dans la langue épique*, 1957, 136 in *Etudes sur la Grammaire et le vocabulaire du grec mycénien*, 1967 146ss; Petar Hr. Ilievski, Mycenaean-Greek Personal Names as a Lexical Stock. Intensive prefix *eri-*, *ari-* in Myc. Greek, *Proceeding of* 13th *International Congress of Onomastic Sciences*, I, Wroclaw 1981,529-534;P. Wathelet, *Le traits éoliens dans la langue de l'épopée grecque*, 1970; M. Peters, Probleme mit anlautenden Laryngalen, *Die Sprache* 32(1986), 365-383; M. Meier Brüggerr, *Griechische Sprachwissenschaft*, II, 36s и таму наведената литература.

Прва опсежна анализа по однос на застапеноста на грчкиот префикс ἀρι- / ἐρι- ‘мошне, многу’ во микенските лични имиња и нивните форми потекнува од академик проф. д-р Петар Хр. Илиевски[2]. Во трудот тој ја открива сета сложеност на овој грчки префикс и неговата застапеност во грчката епска и лирска поезија. Освен тоа, од страна на проф. д-р Петар Хр. Илиевски понудени се повеќе убедливи идентификации за одделни микенски лични имиња, а некои од нив исцело се поткрепени со примери во грчкиот ономастикон но и со семантички паралели во другите индо-европски јазици како на пример:

***e-ri-ka-we-e****/Eri-kalwehei/* : гр. *’Ερι-καλϝεhει ‘многу убав’(m. лич. име dat.sg), (PYUn 1319): стслов. *prekrasnyi*[3];

***e-ri-ke-re-we*** */ Eri-klewēs /* : гр. *’Ερι-κλέϝης ‘многу славен’, (m. лич. име nom.sg) (KN Uf 981);

***a-ri-ja-to*** */ Ari-anthos /* : гр. *’Αρί-ανθος ‘многу цветен’, (m. лич. име nom.sg) (PY An 724);

***e-ri-ta-ri-jo***[ / *Eri-thalios* / : гр. *’Ερι-θάλιος ‘многу цветен’, (m. лич. име nom.sg) (KN Xd 304);

***e-ri-we-ro*** / *Eri-wēros* / : гр. *’Ερί-ηρος ‘кој што се одликува со голема радост’ (PY Vn 130) и др.[4]

## ***Анализа на грчките форми со префиксот*** ἀρί- / ἐρί- ‘мошне, многу’ ***во грчките дијалекти***

Но, најсериозен проблем при идентификацијата на микенските лични имиња и нивните форми образувани со префиксите ἀρί- / ἐρί- ‘мошне, многу’, заправо, потекнува и се провлекува до денешно време во грчката дијалектологија од поделбата на грчките дијалекти на: а) дорски, б) ајолски, в) јонско-атички и г) аркадо-кипарски[5].

Имено, според таквата класификација на грчките дијалекти која има свој зародиш уште во антиката ’Ιάς, ’Αθίς, Δωρίς и Αἰολίς[6], пре-

---

[2] Petar Hr. Ilievski, Mycenaean-Greek Personal Names as a Lexical Stock. Intensive prefix *eri-*, *ari-* in Myc. Greek, *Proceeding of* 13[th] *International Congress of Onomastic Sciences*, I, Wroclaw 1981.

[3] Petar Hr. Ilievski, Myc. *e-ri-ka-we-e ŽA* 17(1977), str. 346.

[4] Petar Hr. Ilievski, Mycenaean-Greek Personal Names as a Lexical Stock. Intensive prefix *eri-*, *ari-* in Myc. Greek, *Proceeding of* 13[th] *International Congress of Onomastic Sciences*, I, Wroclaw 1981.

[5] P. Kretschmer, *Einleitung in die Geschite der griechischen Sprachen*, Göttinger, 1896. Всушност класификацијата што ја дава Кречмер само е упростена варијанта од Страбон. Притоа, треба да се подвлече дека припојувањето на јонскиот и атичкиот кон еден јонско-атички дијалект свој одраз ќе најдево подоцнежните студии и потврди кај Е. Риш.

[6] Strabon, 8, 1,2 i 14, 5, 25; J. B. Hainsworth, Greek Views of Greek Dialektoloy, TPS 1967, 62-76.

фиксот ἀρί- се смета за дека потекнува од јонскиот супстрат, додека ἐρί- се врзува за ајолскиот дијалект. Всушност, овде се среќаваме со две прашања по однос на грчката дијалектологија.

Јонските форми со префиксот ἀρί- кои по правило треба да се постари од ајолските на ἐρί-, во ајолскиот- лезбиски дијалект се објаснува дека се настанати под влијанието на јонската книжевна традиција особено на нејзина епска поезија. Оттаму, лезбискиот дијалект како таков запазен во лирската поезија на Сапфо и Алкеј се смета за еден „јазик на лирската уметност“ настанат под влијанието на епиката, особено на Хомерските изрази и фрази како и на бројните епитети и метрички должини. Па отаму, јонските форми со префиксот ἀρί-, (cf., ἀρίγνωτος, ἀριδείκετος, ἀρι-ζηλος, ἀρι-σφαλης и др.) кои се среќаваат кај нив треба да се одблесоци од времето на расцутот на јонската епска книжевна традиција[7].

Од друга страна пак, Хомеровиот јазик кој исто така е еден „јазик на уметничката епска поезија“, е изграден врз основа на јонскиот дијалект и како таков тој епски јазик никаде не се зборувал. Всушност, Хомеровиот јазик е резултат од еден долг книжевен процес кој се одвивал на овие Грчки предели, во кого се испреплетени бројни јазични изрази и форми кои се туѓи на јонскиот дијалект, а тоа се бројните ајолизми, меѓу кои секако спаѓа и префиксот ἐρί- [8].

За да се види каков е соодност помеѓу јонскиот префикс ἀρί- и ајолскиот на ἐρί- во наведените дијалекти, ние ги приведуваме формите од најстариот пишан грчки дијалект, а тоа е микенскиот грчки во кој исто така се среќаваме со префиксот ἀρί- / ἐρί-. При тоа, треба да се истакне дека микенските форми, главно се лични имиња и топоними[9].

---

[7] R. Meister, *Die griechischen Dialekte*, auf Grundlage von Ahrens Werk, I-II; A. Thumb-E. Kikers, *Handbuch der griechischen Dialekte*, I in A. Thumb-A. Scherer, *Handbuch der griechischen Dialekte*, II; F. Bechtel, *Die griechischen Dialekte*, I-III; O. Hoffmann, *Die Griechischen Dialekte in ihrem historischen Zusammenhange*,I-III; M. Meier Brüggerr, *Griechische Sprachwissenschaft*, II, 36s; M. Peters, Probleme mit anlautenden Laryngalen, *Die Sprache* 32 (1986), 365-383.

[8] A. Thumb-A. Scherer, *Handbuch der griechischen Dialekte*, II, 216; M. L. West, On Lesbian Accentutation, *Glotta* 48(1970), 194-198; W. F. Wyatt, Sonant /r/ and Greek Dialektology, *SMEA* 13 (1971), 106-122; М. Д. Петрушевски, За Хомера и неговата поезија, *Литературен збор* 8, 1-2 (1961) стр. 1-9; M. Meier Brüggerr, *Griechische Sprachwissenschaft*, I, 80-83; В. Митевски, *Античка епика*, Хелада и Рим, Скопе, 2001, стр. 32-52 и таму наведената литература.

[9] Овде ќе укажеме дека префиксот *a-ri* се јавува во микенските натписи и во формата ***a-ro₂-a****/arjo-ha/*: гр. *ἄρyohα : *ἄρρο-hα (adj. nom.pl. n) (KN Ld 571, 572; L 586, 5910 So 4430), cf., ***a-ro₂-e****/arjo-he/*:* ἄρyohε : * ἄρyohες (adj. f. nom.dual или pl) KN L 735, L 7409, cf., ***a-ro₂-jo****/arjo-jo/*: *ἄρyοιο : *ἄρροιο (adj. nom. dual) (KN So 4437), cf., Docs., 389; *Docs*[2]., 534, cf. ἀρείων,суперлатив ἄριστος L. R. Palmer, *Interpretation*, 409; E. Vilborg, *Grammar*, 98; MGV I, 175; C. J. Ruijgh, *Etudes*, 30, 66; H. Frisk, *GEW* III, 37; P. Chantraine, *DELG*, 106; M. D. Petruševski, *ŽA* 25 (1975), 440; Petar Hr. Ilievski, Mycenaean-Greek Personal Names as a Lexical Stock. Intensive prefix *eri-*, *ari-* in Myc. Greek, *Proceeding of* 13th *International Congress of Onomastic Sciences*, I, Wroclaw 1981, 531ss.

*Јонскиот префикс ἀρί- на плочките од Кнос* (KN)

***a-ri-ja-wo*** / *Ariawōn* / : гр. *'Αρι-ἀϝων (m. лич. име nom.sg) (KN Uf 990);

***a-ri-ja-wo-ne*** / *Ariawonei* / : гр. *'Αρι-ἀϝονει (dat. sg) (KN Fh 462; (m. лич. име dat. sg) од *a-ri-ja-wo* / *Ariawōn* /: гр. *'Αρι-ἀϝων.[10]

***a-ri-to***-[ . ] / *Ari-sto-* / : гр. 'Αρί-στος (m. лич. име nom.sg) (KN Fh 347)[11].

***a-ri-we-we***[/*Ari-werwēs*/ : гр. *'Αρι-ϝέρϜης (m. лич. име nom. или dat. sg) (KN F 153, Xd 323), cf., *ϝέρϝος > εἶρος[12].

Лични имиња од Кнос во кои е возможно да е запазен јонскиот префикс ἀρί-.

***a-ri-ke-u*** (m. лич. име nom.sg) (KN Ai 966)[13].

***a-ri-ko*** (m. лич. име nom.sg) (KN Da 1353)[14]

*Јонскиот префикс ἀρί- на плочките од Пил* (PY)

***a-ri-ja-to*** / *Ari-anthos* / : гр. *'Αρί-ανθος 'Многуцветен' (m. лич. име nom.sg) (PY An 724)[15].

***a-ri-qa*** / *Ari-sg$^w$as* / : гр. *'Αρί-σβας (m. лич. nom.sg.) (PY Jn 832)[16].

Топоним од Пил во кој е возможно да е запазен јонскиот префикс ἀρί-.

***a-ri-qo*** (топоним) (PY An 723)[17].

*Ајолскиот префикс ἐρί- на плочките од Кнос* (KN)

***e-ri-ke-re-we*** / *Eriklewēs* / : гр. *'Ερι-κλέϝης (m. лич. име nom.sg) (KN Uf 981)[18].

***e-ri-ra-i***[ / *Eri-lahios*/ : гр. *'Ερί-λα(h)ιος (m. лич. име nom.sg) (KN Xd 327)[19].

---

[10] *Docs.*, 416; *Docs*²., 534; O. Landau, *MGPN*, 28, 156, 186. V. Georgiev, *Lexique*, s.v.; M. Doria, *PP* 15 (1960), 191; C. J. Ruijgh, *Etudes*, 197.

[11] O. Landau, *MGPN*, 28, 157 'Αριστο-; E. Vilborg, *Grammar*, 99; M. Lejeune, *Mémoires* II, 289 'Αριστώ[νει]; L. Godart, *Atti Roma*, 600.

[12] *Docs*²., 534;O. Landau, *MGPN*, 28, 156; L. R. Palmer, *Interpretation*, 409.

[13] *Docs.*, 416 *'Αλισκεύς; *Docs*²., 534; P. Chantraine, *Cambridge Coll.*, упава на *Arrikheus* или *Alikeus*: гр. 'Αρριχεύς или 'Αλικεύς;

[14] *Docs*²., 534;O. Landau, *MGPN*, 28; *MGL*,36; V. Georgiev, *Suppl.* I., упатува на *Αλικος; P. Chantraine, *Cambridge Coll.*, 171.

[15] Petar Hr. Ilievski, Mycenaean-Greek Personal Names as a Lexical Stock. Intensive prefix *eri-*, *ari-* in Myc. Greek, *Proceeding of* 13th *International Congress of Onomastic Sciences*, I, Wroclaw 1981, *Ari-anthos.*;Docs., 416 'Αλίαρτος епоним на херојот од Беотија; Docs²., 534; M. Doria, *Avviamento*, 111 'Αλίαρτον како топоним потврдена во Бојотија и Месенија.

[16] *Docs*²., 534; *MGV* I, 175; L. R. Palmer, *Interpretation*, 409.

[17] *Docs*²., 534; A. P. Sainer, *SMEA* 17 (1976), 33; A. Heubec, *Coll. Myc.*, 256; L. J. Melena, *Minos*15 (1976), 234 упатува на тоа дека во вториот елемент –qo / -iqq$^u$os /: гр. ἵππος.

[18] *Docs.*, 418; *Docs*²., 545; O. Landau, *MGPN*,50, 156 ss; E. Vilborg, *Grammar*,142; M. Lejeune, *Phonétique*, 285; H. Frisk, *GEW* III, 92; *MGV* I, 194, 210 од ἐρί и κλεος; Petar Hr. Ilievski, Mycenaean-Greek Personal Names as a Lexical Stock. Intensive prefix *eri-*, *ari-* in Myc. Greek, *Proceeding of* 13th *International Congress of Onomastic Sciences*, I, Wroclaw 1981,531.

[19] V. Georgiev, *Suppl.*, I, 'Ερι-λαιος; O. Landau, *MGPN*,51; A. Heubeck, *IF* 66(1961), 30.

***e-ri-ta-qi-jo*** */ Eri-targ*$^{w}$*ios /* : гр. *’Ερι-τάργ$^{w}$ιος (m. лич. име nom.sg) (KN As 604)[20].

***e-ri-ta-ri-jo****[/Eri-thalios /* : гр. *’Ερι-θάλιος ‘Доброцветен, Многуцветен’(m. лич. име nom.sg) (KN Xd 304).[21]

Лични имиња од Кнос во кои е возможно да е запазен ајолскиот префикс ἐρί-.

***e-ri-sa-ta*** (m. лич. име nom.sg) (KN Nc 447)[22]

***e-ri-ti-qi*** (m. лич. име nom.sg) (KN B 802)[23].

***e-ri-**** 19 (m. лич. име nom.sg) (KN Ag 90)[24].

*Ајолскиоӣ ӣрефикс* ἐρί- *на ӣлочкиӣе од Пил* (PY)

***e-ri-ka-we-e****/Eri-kalwehei/* : гр. *’Ερι-καλϝεhει (m. лич. име dat.sg) (PYUn 1319)[25].

***e-ri-ko-wo*** */ Eri-kowos* или *Eri-kowōn /* : гр. *’Ερι-κόϝος или * ’Ερι-κόϝων (m. лич. име nom.sg) (PY An 656, Ep 212, Jn 845)[26].

***e-ri-ma-si-jo*** */ Eri-mansiōi /* : гр. ’Ερι-μάνσιωι (m. лич. dat.sg) од *’Εριμάνσιος (PY Pa 49)[27].

***e-ri-qi-ja*** */ Eri-g*$^{w}$*ia /* : гр. *’Ερι-βια (f. лич. име nom.sg) (PY Eb 1440, Ep 539)[28].

---

[20] O. Landau, *MGPN*, 51, 156, 202 *Eri-targ$^{w}$ios; C. J. Ruijgh, *Etudes*, 146, J. C. Billigmeir, *Minos* 10 (1970),178,182 смета дека вториот елемен *–ta-qi-jo* станува збор за божество *Tarhund*, лик. *tarqqu* како божество од Мала Азија.

[21] *Docs*., 418, *Docs*$^{2}$., 546; O. Landau, *MGPN*, 51, 156, 191; *MGV* I, 194 со префиксот ἐρί-; C. J. Ruijgh, *Etudes*, 147; Petar Hr. Ilievski, Mycenaean-Greek Personal Names as a Lexical Stock. Intensive prefix *eri-*, *ari-* in Myc. Greek, *Proceeding of* 13$^{th}$ *International Congress of Onomastic Sciences*, I, Wroclaw 1981,

[22] *Docs*$^{2}$., 546; O. Landau, *MGPN*, 50 упатува на *e-ri-ke-ta* исто и L. R. Palmer, *Interpretation*, 419; J. C. Billigmeir, *Minos* 10(1970), 178 и 182 смета дека станува збор за предгрчко лично име образувано од префксот *eri-* и *Santas* како божество во Анатолија.

[23] *Docs*$^{2}$., 546; O. Landau, *MGPN*, 51; J. L. Melena, *Studies* 68 смета дека станува збор за *¿e-ri-ta-qi-jo*?

[24] *Docs*$^{2}$., 546; J. C. Billigmeir, *Minos* 10(1970),178,182 смета дека микенското e-ri одговара на лик. eri-. Единствено V. Georgiev, *Et. Myc.*, 80 дава идентификација дека e-ri-*19= e-ri-za = Ἔριζα или Ἔρισα.

[25] *Docs*$^{2}$., 545 можеби топоним?; L. R. Palmer, *Interpretation*, 419 антропоним; A. Morpurgo, *Cambridge Coll*., 199 топоним во instr. abl.; Petar Hr. Ilievski, Mycenaean-Greek Personal Names as a Lexical Stock. Intensive prefix *eri-*, *ari-* in Myc. Greek, *Proceeding of* 13$^{th}$ *International Congress of Onomastic Sciences*, I, Wroclaw 1981, 533 e-ri-ka-we-e / Eri-kalwehei /: Eri-kalFehei (dat. sg), cf. perikalles.

[26] *Docs*., 418; Ερί-γοFος; *Docs*$^{2}$., 545; O. Landau, *MGPN*, 50, 156 *Ερί-κοFος или *Ερι-κόFων; A. Heubeck, *IF* 65 (1958), 114; *MGV* I, 194, 211 од ἐρι- и κοέω; P. Wathlet, *Traits éoliens*, 359; P. Chantraine, *DELG*, 551; H. Frisk, *GEW* III, 132; Petar Hr. Ilievski, Mycenaean-Greek Personal Names as a Lexical Stock. Intensive prefix *eri-*, *ari-* in Myc. Greek, *Proceeding of* 13$^{th}$ *International Congress of Onomastic Sciences*, I, Wroclaw 1981, 531.

[27] *Docs*$^{2}$., 545; M. Lejeune, *Atti Roma*, 739; O. Landau, *MGPN*, 50, 163, 222; C. J. Ruijgh, *Etudes*, 151 смета дека станува збор за патронимик од *’Εριμάτας.

[28] *Docs*., 418; C. J. Ruijgh, *Etudes* 146, 163 претполага дека станува збор за хипокористик од *Erig$^{w}$atas или пак за *g$^{w}$ia > βια, cf., Ερι-βια кај V. Georgiev, B. Čop, *ŽA* 8 (1958), 261;

***e-ri-qi-jo** / Eri-g$^{w}$ios /* : гр. 'Ερί-βιος (m. лич. име nom.sg) (PY Ea 480)[29].

***e-ri-we-ro**/Eri-wērōi/* : гр. *'Ερί-Ϝηρωι (m. лич. име dat.sg) (PY Vn 130), cf., ἐρί-ηρος 'верен'[30].

Топоним од Пил во кој е возможно да е запазен ајолскиот префикс ἐρί-.

***e-ri-to-ti-no*** (топоним dat.loc) (PY Cn 4)[31]

*Ајолскиот префикс* ἐρί- *на плочките од Микена* (MY)

***e-ri-tu-pi-na*** (f. лич. име nom.sg) (MY V 659)[32].

Од анализата на микенскиот јазичен материјал, произлегува дека во микенската епоха, во нејзиниот јазичен супстрат се среќаваме паралелно со двата префикса: јонскиот на ἀρί- и ајолскиот на ἐρί- . Односно, ајолските форми на ἐρί- , cf., ***e-ri-we-ro**/Eri-wērōi/* : *'Ερί-Ϝηρωι (m. лич. име dat.sg)(PY Vn 130), cf., ἐρί-ηρος 'верен', ***e-ri-ta-ri-jo**[ / Eri-thalios /* : *'Ερι-θάλιος (m. лич. име nom.sg) (KN Xd 304), наспроти јонските на ἀρί-, cf., ***a-ri-ja-to** / Ari-anthos /*: гр. *'Αρί-ανθος (m. лич. име nom.sg) (PY An 724), и др., всушност се траги од еден општ грчки дијалект кој бил во употреба во тоа далечно време.

А по однос на префиксот ἀρί- / ἐρί - може да се заклучи следново. На плочките од Кнос (KN), Пил (PY) и Микена (MY) префиксот ἀρί- / ἐρί- е застапен 28 пати. Од тоа во Кнос (KN) се среќава 13 пати во Пил (PY) 14, а во Микена (MY) еднаш. Освен тоа, ајолската форма со префиксот ἐρί- бројно повеќе се застапена во личните имиња и нивните форми на плочките од Пил (PY) 10, Кнос (KN) 6 и Микена (MY) 1, наспроти, јонската форма ἀρί- која се јавува 11 пати и тоа само на плочките од Кнос (KN) 7 и Пил (PY) 4. Тоа покажува дека подоцнежната класификација на грчките дијалекти на ајолски и јонски со нивните иновации по однос на префиксот ἀρί- / ἐρί- водат потекло од еден општ грчки дијалект кој бил во употреба во далечната микенска епоха.

---

[29] *Docs.*, 418 Eri-qq$^{u}$ios?; *Docs.*$^{2}$,545 Erig$^{w}$ios, cf., ἐρι-σθένης и Πολύβιος; C. Gallavotti, *Atti Pavia* 81(375) Ἑλικκ$^{w}$ιος; J. L. Melena, *EM* 44 (1976), 428 смета дека станува за антропоним изведен од еден топоним *e-ri-qo; C. J. Ruijgh, *Etudes*, 146, 163 упатува дека е еден хипокористикон од *Erig$^{w}$atas или пак дека е *g$^{w}$ios > βίος; B. Čop, ŽA 8(1958), 261; A. Heubeck, *IF*,65(1960), 259; O. Landau, *MGPN*, 51, 156 како и L. Deroi – M. Gerard, Cadastre 178 упатуваат на тоа дека можеби во e-ri-qi-jo се крие формата *'Ερίτιος како еквивалент на 'Ερίτιμος.

[30] *Docs.*, 418; *Docs.*$^{2}$, 546 *Eri-weros*, cf., ἐρίηρος. исто и V. Georgiev, *Lexique*, sv.; O. Landau, *MGPN*, 51, 156; P. Chantraine, *DELG*, 371; H. Frisk, *GEW* III, 92; Petar Hr. Ilievski, Mycenaean-Greek Personal Names as a Lexical Stock. Intensive prefix *eri-*, *ari-* in Myc. Greek, *Proceeding of* 13$^{th}$ *International Congress of Onomastic Sciences*, I, Wroclaw 1981, 531-532.

[31] *Docs.*$^{2}$, 546; V. Georgiev, *Lexique*, s.v., предлага идентификација на *e-ri-to-ti-no* дака е *Ερι-δωτινος; L. R. Palmer, *Interpretation*, 420 упатува на e-ri-to и ti-no; A. P. Sainer, *SMEA* 17 (1976), 39 упатува исто така на топонимот ti-no.

[32] L. R. Palmer, *Interpretation*, 420; M. Doria, *Avviamento*, 421; C. J. Ruijgh, *Etudes*, 293; A. Heubeck, *SMEA* 4 (1967), 36.

Кон ајолската форма со префиксот ἐρί- ва јонско-атичкиот супстрат, ние го придодаваме и микенското машко лично име од Кнос (KN Nc 4474) ***e-ri-sa-ta*** . Имено, на мислење сме дека во микенското лично име ***e-ri-sa-ta*** */Eri-sathās/* станува збор за ајолскиот префикс ἐρί- 'многу, мошне' и грчката именка σάθη 'männliches Glied' ~ 'φαλλός', а запазена во грчкиот јазик во формите ἀνδρο-σάθης 'qui magnum membrum virile habet' , ἀνδρο-σάθων, σάθων,-ωνος 'πόσθων' потоа во Σάθων,-ωνος како лично име и др[33]. Со тоа ни ја отфрламе идентификацијата на J. C. Billigmeir дека во микенското лично име ***e-ri-sa-ta*** станува збор за предгрчко образување од *e-ri* и *Santas* како божество од Анатолија[34].

А дека е така, може да послужи грчката форма 'Ερι-σαθεύς, која всушност претставува едно образување од префиксот ἐρί- и именката σάθη 'männliches Glied'.

Именка σάθη 'männliches Glied', се смета дека е во врска со и.-е. корен **twn̥-*[35] 'мавтање, со опашот (опашката)' од кого во грчкиот јазик се формите σαίνω 'мавтање, умилкување', потоа, σάννας,-ου 'лудак', лат. *sanna* 'гримаса', а со експресивната назална гемината -νν- се формите σάννιον· τὸ αἰδοῖον и σαννάδας· τὰς ἀγρίας αἶγας Hesch., односно личните имиња Σάννης, Σανναῖος, Σαννίων, Σάννιος и др. Освен тоа, овој и.-е. корен **twn̥-* се смета дека е запазен на микенскиот натпис од Пил (PY An 6) ***sa-ni-jo*** како лично име, т.е., ***sa-ni-jo*** / *Sannios* или *Sanniōn* /: гр. Σάννιος или Σαννίων[36].

Според тоа, а врз основа на горе изнесените показатели на мислење сме дека микенското машкото лично име од Кнос (KN Nc 4474) ***e-ri-sa-ta****/Eri-sathās/*: гр. *'Ερι-σάθας, а од него во подоцнежниот грчки јазик, поточно во јонско-атичкиот дијалект е запазена формата 'Ερι-σαθεύς, cf., 'Ερι-σαθεύς· 'Απόλλων ἐν τῇ 'Αττικῇ Hesch ~ cf., ἀνδρο-σάθης како негов еквивалент.

---

[33] J. B. Hofmann, *Etymologisches Wörterbuch des Griechischen*, стр. 302ss.; M. Peters, Probleme mit anlautenden Laryngalen, *Die Sprache*, 32 (1986), стр. 368ss., Michael Meier-Brügger, *Gr. Sprachwissenschaft*, II, стр. 36.

[34] J. C. Billigmeir, *Minos* 10(1970), 178 и 182.

[35] J. B. Hofmann, *Etymologisches Worterbuch des Griechischen*, стр. 302ss.

[36] *Docs.*, 425 *Sanniōn*;*Docs.*[2] 581 *Sanniōn*; O. Landau, *MGPN*, 126, 176, 189 Σαννῖος или Σαννίων од σαίνω < и.-е. **twn-*; *MGV* I, 243; C. J. Ruijgh, *Etudes* 143 Σαννῖος или Σαννίων.

## Заклучок

Од изложениот материјал може да се заклучи дека префиксот ἀρί- / ἐρί- паралелно опстојувал во микенската епоха. Тоа, покажува дека ајолскиот дијалект од островот Лезбос спаѓа во оние грчки дијалекти од класичната епоха како што се аркадо-кипарскиот кои се најблиски до микенската јазична епоха. А, по однос на прашањето на префиксот ἐρι- / ἀρι-, покрај јонско-античкиот е еден од ретките дијалекти од постмикенската епоха, во кого се сочувани траги од микенската јазична средина. Со таа сериозно се доведуваат под прашање теориите за јонското книжевно влијание врз лезбискиот ајолски дијалект[37]. А доколку и имало такви влијанија врз лезбискиот ајолски дијалект тие биле од подоцнежно време, т.е., од периодот кога веќе јасно биле издиференцирани грчките дијалекти и нив говори помеѓу себе. И уште нешто, оваа анализа по однос на префиксот ἀρί- / ἐρί - покажува дека лезбискиот ајолски дијалект е поблизок до јонско-атичкиот и аркадо-кипарскиот кои како такви мора да се развиле од еден единствен грчки дијалект[38] а тоа е микенскиот.

(Рецензент: *Академик проф. д-р Петар Хр. Илиевски*)

[37] На вакват констатација упатуваат и античките извори, според кои, лезбискиот простор е населен со доселеници од Грчкото копно. На тоа упатува и митот за Ахилеј, кој се смета за освојувач на островот Лезбос. Кон ова треба да се додаде митот и легендите за Орест и неговите патувања во овие предели.

[38] Според Е. Риш тоа е еден „јужно грчки дијалект", cf., E. Risch, Die Gliederung der griechischen Dialekte in neuer Sicht, *MH* 12 (1955), 61-76; А според Порцих „источно грчки дијалект", cf., W. Porzig, Sprachgeographische Untersuchungen zu den altgriechischen Dialekten, *IF* 61 (1954), 147-169.

## ЛИТЕРАТУРА

*DELG.*= P.Chantraine, *Dictionnaire étymologique de la langue grecque. Histoire de mots*, Paris 1968-1980.

*Docs.* = M. Ventris-J. Chadwick, *Dokuments in mycenaean Greek*, Cambridge 1956

*Docs*[2]. = M. Ventris-J. Chadwick, *Dokuments in mycenaean Greek*, Cambridge 1973.

*Études.*= C. J. Ruijgh, *Études sur la grammaire et le vocabulaire du grec myéenien*, Amsterdam 1967.

*GEW.* = H. Frisk, *Greichische etymologische Wörterbuch*, I-III, Heidelberg 1960-1972.

*Interpretation* = L. R. Palmer, *The Interpretation of Mycenaean Greek Texts*, Oxford 1963.

*MGPN*= O. Landau, *Mykenisch – griechische Perosonennamen*, Göteborg 1958.

*MGV* I= J. Chadwick-L. Baumbach, The Mycenaean Greek Vocabulary I, *Glotta* 41 (1963).

*MGV* II= L. Baumbach, The Mycenaean Greek Vocabulary II, *Glotta* 49 (1971).

Miodrag M. TODOROVIĆ

## The Greek Prefixes ἀρί- / ἐρί-, 'much, very', in Mycenaean Personal Names and Their Forms

### SUMMARY

*In this article, the author offers a possible classification of Mycenaean personal names and their forms in Aiolian and Ionian on the basis of the dialectological analysis of the Greek prefix ἀρί- / ἐρί-, 'much, very'.*

*In this article, the author suggests that the Mycenaean personal name e-ri-sa-ta (KN Nc 4474) derives from ἐρί-, 'much, very' and σάθη 'männliches Glied', i.e., e-ri-sa-ta/ e-ri-sa-ta / Eri-sathās /: *'Ερι-σάθας, from which the following forms survive in Greek as successors from the Mycenaean epoch: 'Ερί-σαθεύς cf., 'Ερι-σαθεύς· 'Απόλλων ἐν τῇ 'Αττικῇ Hesch ~ cf., ἀνδρο-σάθης, cf., sa-ni-jo / Sannios : Sanniōn / : Σάννιος : Σαννίων (PY An 6) and others.*